Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на Друштво за производство,трговија и услуги ГМЛ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, со седиште на ул. Сутјеска бр.4, 1430 Кавадарци, со ЕМБС 6191428 (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

на сите акции издадени од Рудници и железарница "Економика" Акционерско друштво за трговија, финансиско посредување, изнајмување на имот и деловни активности (РЖ Економика АД Скопје) со седиште на ул. 16 Македонска бригада 18, Гази Баба, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број МК4030997270771 и ЕМБС 5166241 (во понатамошниот текст РЖ Економика АД Скопје).

1. Понудата за преземање се однесува на:
- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од РЖ Економика АД Скопје.
- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 320.925 обични акции со право на глас издадени од РЖ Економика АД Скопје со ИСИН број: MKEKON101019, освен 133.811 обични акции со право на глас и 80.509 обични акции на кои им е регистрирано ограничување на правото на глас кои се во сопственост на Друштво за производство, трговија и услуги ГМЛ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од РЖ Економика АД Скопје.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од РЖ Економика АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 320.925 обични акции со право на глас по цена од 50,00 денари по акција.

   Утврдената цена од 50,00 денари по акција е еднаква со просечната цена на обичните акции издадени од РЖ Економика АД Скопје, постигната на Македонската Берза за хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

Комерцијална банка

ул. Васил Иљоски бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во вкупен износ од 16.046.250,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно ро рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 30 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 13.02.2025 година и завршува на 14.03.2025 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 12.02.2025 година

Комерцијална банка АД Скопје

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 09